# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# БУЖАРОВСКИ ПОВТОРНО ДРЖАВЕН ПРВАК ВО ПИНГ-ПОНГ

Младиот карпошанец Методиј Бужаровски е новиот државен првак на Македонија во пинг-понг, за сезоната 2015/2016година. Во рамки на 24 Државно поединечно првенство во категоријата кадети, кое се одигра вчера во Куманово, Бужаровски го обезбеди златото втора година по ред. Со беспрекорна игра, младиот пинг-понгарски ас, ја  потврди својата врвна форма, освојувајќи го и третото место во натпреварување во двојки-парови.





# ЕКО-ГРЕЕЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

Во средата (30.03.2016) во ООУ „Димо Хаџи Димов“ со почеток во 11.30 часот, беше промовирана новата еко-машина за сечење дрва и преработка во дрвен чипс. Имено, ова училиште ќе биде едно од ретките во државава, кое ќе го користи овој природен енергенс за загревање на своите простории. На средбата ќе присуствува висока делегација од општина Карпош, предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, стручни лица од МАНУ, како и претставници од Германската амбасада во Скопје и од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).





# ЗЛАТО И БРОНЗА ЗА СКИЈАЧИТЕ ОД „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“

Во жестока конкуренција, скијачката двојка Мирко и Мила Лазарески од ООУ „Вера Циривири Трена“ успеаја да се искачат на победничкиот трон, на Државното првенство во алпско скијање за основни училишта, кое се одржа во Маврово, на 17 февруари оваа година.

Во машка категорија, Мирко го освои првото место, додека неговата сестра Мила ја освои бронзата во женска категорија. Во рамки на првенството кое го организираше Федерацијата за училишен спорт на Македонија, учествуваа голем број ученици од повеќе основни училишта ширум нашата земја. Веќе неколку години наназад, близнаците од „Вера Циривири Трена“ се враќаат со медал на своите гради, успешно промовирајќи ги на спортски план своето училиште и општина Карпош.








# ПРВОАПРИЛСКИ СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на проектот „Спорт и спортски активности", а по иницијатива на ЈУОДГ „Орце Николов", се организараат спортски денови во кои учествуваат и основните училишта „Лазо Трповски", „Вера Циривири Трена" и „Петар Поп Арсов",.

Децата од пет и шест години подучени од наставниците по физичко образование имаат можност да научат повеќе за спортскиот и здравиот живот. Целта на овие денови е подготовка на предучилишните деца за полесно приспособување во прво одделение, како и подигање на свеста за здравиот начин на развој од најмали нозе.

Во спортските активности им се приклучија и учениците од прво одделение од трите основни училишта, кои заедно со нив вежбаа и се дружеа. Оваа соработка ќе продолжи и за Денот на шегата, кога децата од основните училишта ќе бидат гости во трите градинки, клонови на „Орце Николов". Тие воедно ќе бидат дел и од првоаприлското дефиле на маски кое во сите три градинки ќе почне во 10 часот.







# „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“- УСПЕШЕН МОДЕЛ ЗА ЕКО УЧИЛИШТЕ

Во посебно изградената просторија во училишниот двор на ООУ „Димо Хаџи Димов“, денеска, беше презентирана новата специјализирана машина за преработка на дрвена маса и производство на дрвен чипс. Се работи за заедничка акција помеѓу општина Карпош, УНДП и Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

По тој повод, првиот човек на општина Карпош, Стевчо Јакимовски одржа прес конференција за медиумите и пред присутните претставници на Германската амбасада во Скопје и стручните лица од МАНУ, говореше за придобивките од овој енергетско-ефикасен проект.

-Целта на овој проект е ООУ „Димо Хаџи Димов“ да го преориентираме, да се загрева на т.н дрвен чипс. Тоа значи дека целиот дрвен отпад кој ќе го соберат ЈП Паркови и зеленило на наша територија, ќе биде складиран во ова училиште, кој подоцна ќе го преработиме во енергенс за греење. Ова е заедничка акција, каде што општина Карпош ќе инвестира 2.600.000 денари, додека, едната организација го дава резервоарот за дрвен чипс, а другата ја обезбеди мелницата која ќе ја меле дрвната маса - истакна Јакимовски.

Тој објасни дека, за загревање на ова училиште досега беа потребни 80 кубици дрва, а новиот резервоар е со значително поголем капацитет од 140 кубици.



-Се работи за занемарливи трошоци во споредба со досегашните. Моменталната годишна сметка за греење на ова училиште изнесува околу 2.600.000 денари, а со новиот метод, планираме сметката да се сведе на само 90.000 денари. Тоа дополнително говори за евидентната заштеда на парични средства, кои потоа можат да се пренаменат за потребите на училиштето – образложи општинскиот татко.

На средбата, присуствуваше и првоиот секретар на Германската амбасада во Скопје, Хелге Зандер, кој во оваа пригода ја нагласи добрата соработка со општина Карпош. Тој го оквалификува овој пилот-проект како одлична иницијатива и го посочи како одличен пример, кој треба да го следат останатите институции и јавни установи во Македонија.

Општина Карпош на овој начин продолжува со проектот 20/20/20, кој значи намалување на 20% на штетни гасови во атмосферата, користење на 20% на алтернативни извори на енергија и намалување на 20% на трошоците за енергија. Аналогно на ова, се заштедуваат значителни финансиски средства, помалку се загадува животната средина и во исто време, поефикасно се загреваат училишните простории.






# КАРПОШ 1 ДОБИ ПЕТ НОВИ ПАРКИНЗИ

Инфраструктурните зафати на територијата на Општина Карпош, продолжуваат со несмален интензитет. Изградбата и реконструкцијата на пет паркинг простори во населбата Карпош 1, беше повод, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, да даде изјава за медиумите.

-Согласно обврските кои што ги презедовме кон граѓаните на Карпош 1, Општината Карпош изгради пет нови паркиралишта. Тие се наоѓаат на улицата ,, Никола Тесла'' бр. 8, 12 и 16, на улицата ,, Гиго Михајловски'' бр.2 како и на улицата Руѓер Бошковиќ бр. 5. Петте паркинг простори се со вкупна површина од 2.503 квадратни метри, со отприлика простор за 80 возила, каде граѓаните ќе можат да ги паркираат своите возила.

-Во исто време на некои од овие паркинзи, поставуваме и атмосферска канализација, со цел да имаме поквалитетно одводнување, и основната работа - да може да обезбедиме поголем паркинг простор за граѓаните на Карпош 1, бидејќи овој дел од општината е густо населен.

-Во изминатиот временски период, Општина Карпош во сите делови, каде што имаше простор да се направат паркинг места, ги направи. Со ова практично ги заокружуваме сите барања на граѓаните, за поставување на бекатон плочки, или било какво друго решение за обезбедување на дополнителен паркинг простор. Целата инвестиција е вредна 3.326.735 денари и е платена од буџетот на Општина Карпош, а фирмите изведувачи на паркинзите се: Анизор, Ексико ДООЕЛ, Бауер БГ, Чингар Инженеринг и Еуроинвест Инг, односно пет различни фирми, за петте паркинзи, образложи за медиумите, првиот човек на Општината , Стевчо Јакимовски.



